Почитувани претставници на граѓанските организации,

Ви благодариме на интересот за учество на Повикот до граѓанскиот сектор за придонес во подготвувањето на Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2025 година. Пополнетиот образец (заедно со прилозите, доколку ги има) доставете го до Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, електронски на адреса **nvosorabotka@gs.gov.mk со назнака Иницијатива за ГПРВ 2025, до 20.9.2024 година.** Со доставување на образецот потврдувате дека се согласувате вашата иницијатива да биде објавена на веб страницата www.nvosorabotka.gov.mk.

## Општи податоци за здружението / фондацијата

Име на здружението/фондацијата: Здружение на граѓани Младите можат

ЕМБС (матичен број на правниот субјект според податоците во Централен регистар): 6487319

Седиште и адреса (улица, број, општина): бул. Илинден бр.47-1/3 Скопје (адреса), бул. Јане Сандански бр.47-1/33 Скопје

Застапник: Анита Николовска - Извршен директор

Веб страница: https://youthcan.org.mk/

Електронска пошта (e-mail): info@youthcan.org.mk / mladitemozat@gmail.com

Телефонски број за контакт: 072/226-602

Лице за контакт: Филип Ивковски, filip.ivkovski@youthcan.org.mk

## Предлог- иницијатива

## за годишна Програма за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2025 година

**Наслов на иницијативата:** Инкорпорирање на програми за образование за ментално здравје во рамки на средното образование

**Стратешки приоритет:** Согласно Одлуката за изменување на Одлуката за утврдување на стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија за 2024-2028 година оваа предлог иницијатива се поврзува со следниот стратешки приоритет „сеопфатно подобрување на квалитетот, инфраструктурата и достапноста во образованието, создавање општество базирано на знаење и успешно справување со современи предизвици“. Воедно иницијативата е во корелација со Програмата за работа на Владата на РСМ за 2024-2028 година со точка „Образование за иднината“, специфично со

делот во кој се наведува развој на програми за промоција на развој на емоционална интелигеција, ефективна комуникација, справување со непријатности, недоразбирања и врсничко насилство.

**Приоритетна цел:** Иницијативата се поврзува со приоритетната цел „подобрување на квалитетот на образованието, развој на наставните планови и програми, наставните методи, учебниците, дигиталните содржини и ресурсите во насока на подобрување наставата и учењето".

**НППА** Иницијативата се поврзува со точка 3.19 Социјлана политика и вработување и точка 3.26 Образование, култура и млади.

**Образложение:** Менталното здравје на средношколците, млади на возраст од 14-19 години, е сè покритично прашање кое бара наше итно внимание. Адолесценцијата е клучна фаза во човековиот развој, обележана со брзи физички, емоционални и социјални промени. Усвојување на здрави модели на спиење, редовна физичка активност, вештини за справување со конфликти, решавање проблеми, комуникациски и интерперсонални вештини, справување со емоции се дел развојните задачи во овој период. Овие години се карактеризираат и со значителни академски притисоци и транзиција кон зрелоста, што може длабоко да влијае на менталната благосостојба.

Врз менталното здравје влијаат изложеноста на трауми, притисок од врсниците, истражување и развој на личниот идентитет. Семејната констелација и случувања, строгото или премногу попустливо родителство, семејно насилство, ризично однесување, тешките социо-економски услови се значајни ризик фактори за менталната благостојба на младите.

Инкорпорирање на програми за образование за ментално здравје во рамки на средното образование би значело упредување на училишната клима и поттикнување на позитивен развој на младите и грижа за нивната благосостојба. Здружението на граѓани веќе има подготвено програма за вonнастанавни активности за ментално здравје во рамки на средните училишта, чија цел е унапредување на капацитетие на стручните служби и класните раководители за работа и адресирање на прашањата поврзани со менталното здравје и благосостојбата.

За остварување на иницијативата, а во корелација со новиот предлог Закон за средно образование, потребно е Министерството за образование и наука да креира или преземе и унапреди програма за грижа за менталното здравје на учениците во рамки на средното образование.

**Очекувани влијанија:**

Очекуваните влијанија од оваа иницијатива би вклучувале:

1. Намалување на преваленцата на предизвици со менталното здравје кај младите на возраст од 14 до 19 години;

2. Зајакнати капацитети на наставниот кадар и стручните служби во рамки на средните училишта за пристап и работа на теми поврзани со ментално здравје;

3. Создадени безбедни средини и училишта кои промовираат позитивен пристап кон менталното здравје и благосостојбата на средношколците;

4. Обезбедени бесплатни ресурси во рамки на училиштата во форма на сервиси за грижа за менталното здраје кај средношколците.

Менталното здравје на учениците во средните училишта е во директна корелација со нивниот образовен успех, физичко здравје, социјална времеженост и капацитети за справување со развојните задачи и животни предизвици. Системското размислување и пристапување кон ова прашање останува клучно за успешно спроведување на грижата за менталното здравје на младите. Во РС Македонија постоечки политики и насоки за ментално здравје на младите на оваа возраст обезбедуваат солидна основа за градење поддржувачки систем за младите. Оттука, треба да се вложат напори и ресурси во доследно имплементирање на овие политики и редовно мониторирање на истите. МОН како релевантна алка во системот на кој припаѓаат младите, има своја важна улога во развој на соодветни училишни и вонучилишни програми кои како своја цел ја имаат менталната добросостојбата на секој ученик, прилагодени за соодветните потреби на различни ученици. Редовното мониторирање на овие програми и процеси, подразбира и постојано собирање податоци и повратни информации од самите ученици, наставници, психолози и родители и нивно вклучување во градење на истите.

**Финансиски импликации:** Оваа иницијатива предизвикува финансиски импликации за нејзино имплементирање. Истите се однесуваат на процесот на креирање или унапредување на веќепостоечките програми, акредитација и обука на наставен кадар и стручни служби и евентуални инфраструктурни решенија. Постои можност за диверзификација на изворите на финансирање од Буџетот на РСМ, националани и меѓународни фондови.

**Прилози**:

1. Документ за јавни политики „Грижа за ментално здравје на млади“, автор: Јасмина Михаиловска, издавач: Здружение на граѓани Младите можат

2. Документ за јавни политики „Твоја приказна, наша поддршка! - Училишта кои се грижат за менталното здравје на учениците“, автор: Јасмина Михаиловска, издавач: Здружение на граѓани Младите можат

3. Програма за воннаставни активности за ментално здравје во средни училишта, автор: Здружение на граѓани Младите можат

4. Анализа „Средношколци и пристап до услуги за ментално здравје“, Здружение на граѓани Младите можат

5. Истражување „Перцепции за менталното здравје кај средношколците“, Здружение на граѓани Младите можат

6. Национална стратегија за ментално здравје кај млади, Влада на Република Северна Македонија

Потпис на застапникот

20.09.2024 година

Анита Николовска

Младите можат | Youth can